

# ХЕРОИН

# СООЧУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ

**Поважни делови од извештајот на Одборот на експерти за постапување во однос на дрогата**

## ВОВЕД

Државните органи на Викторија го назначија Одборот на експерти за постапување во однос на дрогата (Drug Policy Expert Committee) за да советува какви ставови да заземат државните органи во однос на дрогата. Одборот треба да поднесе извештај на двапати, првиот пат откако ќе ги испита пробните места каде што може да се става дрога и ќе утврди како се спроведуваат ставовите во однос на дрогата од страна на разни државни органи.

Владата одвојува дополнителни 17 милиони долари годишно за да се изградат ставови, правила и правилници како да се постапува во однос на дрогата. Така средствата за оваа област се зголемија на 20 милиони долари.

Одборот воспостави неколку групи со кои ќе одржува врски за споменатите работи. Одборот се советува со претставници на разни заедници во Мелбурн.

## ДРУГ ПРОБЛЕМ СО КОЈ СЕГА СЕ СООЧУВА ЗАЕДНИЦАТА

Во 1998 г. еден преглед на домаќинствата покажа дека 1% од населението на Викторија постаро од 14 години користело хероин во изминатите 12 месеци, во споредба со 0,2% во 1995 г. Зголемувањето на бројот на луѓето кои користат хероин значи зголемување и на бројот на млади корисници.

**Смртни случаи кои настанале поради хероин во Викторија 1991–1999 г.**
**и број на смртни случаи што се очекува до 2005 г.**




Овој материјал ги изложува во скратен облик работите изнесени во подолгиот извештај кој може да се добие од местото на интернет на Одборот.

**Цени и чистота на хероинот во Викторија, 1996–1999 г.**




Настана драматично зголемување на бројот на луѓето кои умираат поради преголема количина на хероин, како што покажува подолната табела. Продолжува да расте бројот на корисниците.

Исто така расте бројот на случаи на земање преголеми количини хероин кои не предизвикале смрт. Службата за брза помош во Мелбурн (Metropolitan Ambulance Service) се повикува отприлика 9 пати дневно заради тешкотии што настанале поради земање преголема количина хероин.

Хероинот не само што е прилично ефтин, туку исто така е лесно и да се набави. Следната табела го покажува намалувањето на цената и зголемувањето на чистотата на хероинот.

## РЕФОРМА

Целта на државните органи е да се воспостават добро испланирани локални стратегии за постапување во однос на дрогата, во кои ќе може да се вклучат натамошни иницијативи:

- за да се информираат, поучуваат и помагаат групи, а тука спаѓаат и семејствата;
- за да се поддржуваат и помагаат трговците и организациите во заедницата;
- за да се поддржуваат одредени заедници на луѓе кои потекнуваат од други култури;
- за да се подобрат јавните згради за хигиена и други јавни простории;
- за да се пружи лекување и поддршка на корисниците; и
- за да се поддржат нови начини на подобрување на рехабилитацијата.

## МЕСТА ЗА СТАВАЊЕ ДРОГА ВО ЕВРОПА

Засега има 42 такви места во Германија, Холандија и Швајцарија. Шпанија соопшти дека ќе го отвори своето прво место за ставање дрога во април 2000 г.

Причините за отварање места каде што ќе може да се става дрога се различни од една земја до друга. Некои од нив се:

- *да се спречи ставање дрога на јавни места*. Со тоа би се намалило ставањето дрога на јавни места и би се намалил бројот на употребувани игли фрлени на јавно место. Во многу случаи бизнисите и општинските органи ги делат трошоците за отварање на местата за ставање инјекции.
- *здравје и безбедност на луѓето*. Не само корисниците на дрогата, туку и многу други луѓе се изложени на опасност поради небезбедно ставање на инјекции.
- *спасување на животите на корисниците*. Многу корисници умираат поради тоа што

зеле многу голема количина дрога. Местата за ставање дрога во Европа имаат секојдневно случаи на земање преголема количина дрога, меѓутоа малку од нив имаат случаи да настанала смрт поради таа причина. Местата за ставање дрога нема да ја намалат во голема мера смртноста поради користење на дрога, затоа што постојат многу причини поради кои настанува смртност. Но тие ќе помогнат да се спасат животи и ќе го спречат порастот на смртноста.

Во повеќето случаи овие места се наоѓаат во квартовите на градот каде што се продаваат



*Фиџпункт, Хановер. Оваа соба служи како приемна соба, чекалница и кафуле. Корисниците исто така може да користат и здравствени услуги.*

*Соба за ставање инјекции во Ниддаштрассе во Франкфурт. Има маси од челик што не 'рѓосува кои служат за ставање инјекции, собата може да ја користат до 12 лица. Правилата забрануваат корисниците да си помагаат еден на друг со инјекциите.*



droги и каде што на улиците се гледа дека се тргува со дрога.

Местата за ставање дрога во Европа се различни, но нивни заеднички карактеристики се:

- едноставна “клиничка” соба за ставање инјекции, во неа има маси од челик што не ‘рѓосува и мијалници за миење раце.
- персонал кој дава основна опрема и го следи здравјето на корисниците. Персоналот се труди местото да се одржува уредно, чисто и безбедно, а ако се случи да има земање преголема доза, тогаш брзо да се дејствува.

Некои места за ставање дрога вршат дополнители услуги како, на пример:

- хигиена, исхрана, советување, лекување, други здравствени служби.
- краткорочно сместување во стан или дом.
- помош за вработување на корисниците.

## РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА МЕСТА ЗА СТАВАЊЕ ИНЈЕКЦИИ ВО ВИКТОРИЈА

Поради позитивните искуства на местата за ставање инјекции во повеќе европски градови, државните органи предлагаат да се отворат пет пробни простории на пет места во градот. Пробниот период ќе трае 18 месеци, работата ќе биде според строги правила, ќе се утврди позитивното и негативното дејство врз корисниците на дрогата и заедницата.

Европското искуство можеби нема да може директно да се пренесе во Мелбурн. Една од главните улоги на Одборот на експерти за постапување во однос на дрогата е да развива многу работи во врска со местата за ставање дрога, меѓу другото и следните:

- определување на целта на службата. Местата за ставање дрога треба да служат за здравјето на корисниците на дрогата, да придонесуваат дрогата да не се зема на јавни места и да придонесуваат кон безбедноста. Ќе треба да се обрне внимание на секоја од овие цели за да се постигне рамномерно решавање на проблемите.
- да се воспостават јасни правни рамки. Тоа ќе помогне да се знае какви правни обврски и опасности има за некоја агенција што ќе се нафати да ги раководи пробните места, а исто така и какви правни обврски и опасности има за персоналот кој ќе работи на тие места.
- да се отворат местата таму каде што корисниците ќе имаат пристап. Местата треба да се блиску до местата каде што се тргува со дрога на улица.
- поврзување на местата за лекување и поврзување со други здравствени и добротворни служби.

Исто така ќе треба да се разгледаат начините за работа и да се определат постапките:

- да се наложи полицијата да одржува ред и мир.
- да се обезбеди брза помош и други здравствени служби да дејствуваат кога е потребно, како поддршка на местото.
- други служби во врска со дрогата за да се овозможи корисниците на местата кои ќе решат да почнат да се лекуваат да можат да го сторат тоа.
- локалната заедница да се запознава систематски и да ги решава проблемите што ќе настануваат во врска со тоа.

## ИДНАТА РАБОТА НА ОДБОРОТ

Многу важни работи како, на пример, развивањето на стратегии за да се намали користењето на дрогата, спасување на раните корисници, подобрување на лекувањето и на програмите за рехабилитација, подобрување, следење и оценување на постапките ќе бидат испитани детално во втората фаза од работата на Одборот.

**Drug Policy Expert Committee**

9/589 Collins Street
Melbourne 3000

www.dhs.vic.au/phd/dpec/index.htm